Аница Брзалица (приказна)





Аница е ученичка во четврто одделение. Сака да оди на училиште и да се дружи.





Меѓутоа, Аница постојано брзала кога се движела по училишните ходници и не внимавала како се движи. Затоа удирала во други ученици и секогаш ги туркала. Добила прекар „Аница Брзалица“.



Еден ден, Аница повторно одела брзо во ходникот. Се удрила во директорот на училиштето.





Тој ја одвел Аница во канцеларија и се јавил кај нејзините родители.
Им кажал што направила Аница.

Автор на  пиктограми: Sergio Palao Извор: https://arasaac.org/ Лиценца: CC (BY-NC-SA) Автор на материјалот: ITSS- LAII





Кога Аница дошла дома, родителите и забраниле да гледа телевизија три дена.



Аница била многу тажна.

Автор на  пиктограми: Sergio Palao Извор: https://arasaac.org/ Лиценца: CC (BY-NC-SA) Автор на материјалот: ITSS- LAII



Утредента, Аница почнала да внимава како се движи во училишниот ходник.
Одела полека, како и сите нејзини другари. Другарите престанале да ја викаат „Аница Брзалица“.





По неколку денови, директорот се јавил повторно кај родителите на Аница. Ја пофалил Аница бидејќи повеќе не удирала и не ги туркала учениците во ходникот. Родителите на Аница биле среќни и ѝ дозволиле да гледа телевизија подолго.